До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Согласно член 8 став (2) од истиот закон: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.

**Иако во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не постои забрана вработено лице во јавниот сектор (лицата наведени во барањето) да биде сопственик во трговско друштво, но доколку дејноста на приватното друштво (проектирање и планирање) е идентична со дејноста на Јавното претпријатие, мора да се почитуваат одредбите од Законот за работни односи, односно:**
**Со член 36 став (1) од истиот закон е предвидено: „За времетраењето на работниот однос работникот не смее без согласност на работодавачот за своја или на туѓа сметка да врши или склучува работи кои спаѓаат во дејноста на работодавачот и значат или би можеле да значат конкуренција на работодавачот".**

Во однос на дополнително вработување, за лицата наведени во барањето (дипломирани инженери архитекти, дипломирани градежни инженери, дипломиран правник и дипломиран економист), се применуваат одредбите од член 121 став 1 од Законот за работните односи: (1)„Работникот кој работи полно работно време може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време кај друг работодавач, најмногу до десет часа неделно, исклучиво со претходна согласност од работодавачот."

Во таа насока, работодавачот, односно директорот на Јавното претпријатие, е должен да изврши проценка дали ваквиот ангажман може да влијае врз законитото, навремено и непристрасно извршување на службените должности.

Покрај наведеното, Државната комисија укажува на почитување на член 51 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на службените лица, вработени во Јавното претпријатие, со кој е предвидено ограничувања во соработката со правни лица: „(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.
(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи."

Во врска со третата ситуација од поднесеното барање за мислење, а со оглед на тоа дека Државната комисија не располага со документација во однос на работните задачи на лицето вработено во општина, Државната комисија е на став ќе настане состојба на судир на интереси доколку лицето е вклучено во носење на одлуки, вршење надзор на Јавното претпријатие или доколку има пристап до информации кои може да ги искористи за остварување корист или предност за себе или друг.

Имено, имајќи ја предвид основачката и институционалната поврзаност помеѓу општината и јавното претпријатие, Државната комисија укажува дека во ваква состојба службеното лице е должно:
– да не учествува во постапки, одлучување или активности во кои постои поврзаност помеѓу двете институции;

**– да се иззема од сите случаи во кои има или може да има приватен или институционален интерес;**
**– да постапува со зголемено внимание со цел избегнување на влијание врз непристрасното вршење на службените должности.**

**Непочитувањето на овие обврски може да доведе до постоење судир на интереси и поведување постапка за утврдување одговорност согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.**

Дополнително, Државната комисија укажа дека секое службено лице при вршење на своите службени должности потребно е да го има во предвид и Начелото на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**